РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. ________________
______________ 20___ год.
СКОПЈЕ

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

## ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
## НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование

| |
|---|
| **Усогласеност со Програмата на Владата:** |
| **Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да |
| **Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница |
| **Доверливост на материјалот:** Не |
| **Итност на материјалот :** Материјалот не е од итен карактер |
| **Прилог:** |

| | |
|---|---|
| **Дата на доставување на материјалот:**<br><br>мај, 2012 | **ПОТПИС:**<br>**м-р Панче Кралев,**<br><br>**Министер за образование и наука** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# М Е М О Р А Н Д У М

**Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование**

ПОТПИС: м-р Панче Кралев, Министер за образование и наука

_______________________________________________

(на министерот, државниот секретар или друго овластено лице)

Скопје, мај, 2012 година

1. **Осврт по материјалот:**

Во Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12) потребно е нормативно да се регулираат неколку прашања кои произлегуваат од процесите на модернизација на воспитно-образовната дејност во основните училишта. Имено, Министерството за образование и наука има потреба од ажурирани податоци и информации за дејноста основно образование, односно креирање на база на податоци за вработените во основните училишта, учениците и нивните родители, наставните планови и програми, просторот со кои располагаат училиштата, опремата и други релевантни податоци. Целта на оваа база на податоци е да генерира и управува со оптимално ниво на образовни податоци и информации за потребите на Министерството, како и за потребите на останатите креатори на политиките на образовниот систем, а се со цел модернизација на образованието во Република Македонија. Оваа база на податоци е дизајнирана така да ги максимизира линковите со информациските системи во органите во состав на Министерстото, Државниот завод за статистика на Република Македонија (информации согласно стандардите на EUROSTAT и ISCED) и општините/градот Скопје. Исто така, базата на податоци е дизајнирана и да ги минимизира точките на внес на податоци и се концентрира на собирање на податоци кои се есенцијални за мерење на индикаторите потребни за донесување правилни политики и за мерење на перформансите, да содржи вградени индикатори/податоци за секое училиште посебно како и збирни идикатори/податоци за општините и органите на јавната администрација, како и да придонесе за минимизирање на оперативните трошоци.

Специфични цели кои ќе се реализираат со оваа база на податоци се: елиминирање на паралелните и дуплифицирани системи на собирање на образовни податоци, навремено генерирање на податоците за донесување на одлуки базирани на знаење, елиминирање на проблемите од сегашниот систем на собирање податоци и изготвување на извештаји преку воведување на единствена точка на внес на податоци, генерирање и дисеминација на образовни податоци и информации на цетрално и децентрализирано ниво, со што ќе се подобри планирање, известувањето и мониторирањето на образовните процеси, подигнување на капацитетие на централно и децентрализирано ниво за подобро стратешко планирање, дефинирање на политики, како и управување, мониторирање и евалуација на образованиот систем, кКреирање на статичка база на податоци која се користи за повеќето извештаји во текот на учебната година со што ќе се избегне примената на различните методи на собирање на податоци извршени повеќе пати во текот на една иста учебна година, како и подобрување на управувањето со човечките ресурси и подршката на процесот на донесување одлуки.

Заради потребата во оваа база на податоци да се внесуваат и обработуваат и лични податоци на вработени, ученици и нивните родители, а кои како лични податоци се дефинирани во Законот за заштита на личните податоци, потребно е во Законот за основното образование да се дефинира кои лични податоци ќе се прибираат, обработуваат, чуваат, испраќаат и користат. Исто така во овој закон ќе се регулира и за кои цели се потребни овие лични податоци.

Во одредбите во Законот за основното образование постои одредба со која се регулира правото на бесплатен превоз за учениците во основните училишта, како и основните критериуми за остварување на тоа право. Со додавање на нов став 3 во членот 61 ќе се дорегулираат начинот, постапките и поблиските критериумите за реализација на бесплатниот превоз на учениците во основните училишта на ниво на сите општини.

Во Законот за основното образование се заменуваат и одредбите за начинот на ектерното проверување на знаењата на учениците. Имено, во основните училишта изминатата деценија не се почитуваа стандарди за објективно оценување на постигањата на учениците. Статистичките показатели од извештаите покажуваат дека околу 80% од вкупниот број на учениците во основните училишта се со одличен и многу добар успех. Заложбите за повисоки оценки станаа единствена цел на учениците и родителите, без да се води сметка за постигнување на трајни и квалитетни знаења и вештини. Поради тоа, значително опадна мотивацијата кај учениците за учење и постигнување на знаење. Оценките се помалку се реален показател на знаењата и способностите на учениците. Од друга страна, оваа практика делуваше и демотивирачки и за наставниците. Кај нив опадна интересот за квалитено изведување на наставата, се наруши дигнитетот на професијата наставник, се зголемија притисоците за пишување на нереални оценки, а со тоа сериозно се наруши независноста и објективноста во оценувањето. Особено загрижува забележливото опаѓање на мотивацијата за учење кај учениците со повисоки способности, бидејќи на нерамноправен начин тие се изедначуваат со просечните и потпросечните ученици. Напуштањето на стандардите од наставните програми и немањето ист критериум за оценување во сите училишта, доведе до преголема субјективност во оценувањето и до појава ученици од различни училишта, па дури и од различни паралелки во исто училиште, а со исти знаења, да бидат оценети со изразено различни оценки (на пр. ученици со одличен успех од основно училиште со преминување во средно училиште да постигнуваат доволен успех, додека ученици со добар или многу добар успех од друго училиште да покажуваат подобар успех).

Исто така, искуствата од спроведувањето на проекти чија цел е меѓународно споредување на постигањата на учениците по одделни предмети (PISA, TIMSS, PIRLS), покажаа дека постигањата на учениците од нашата земја (кои се со одличен успех), во споредба со нивните врсници од другите држави се значително пониски.

Најголемиот број земји од ЕУ како и во САД проблемот со субјективноста во оценувањето, како и воспоставувањето на стандарди за оценување на национално ниво го решаваат, со континуирано оценување во наставниот процес и со воведување на екстерно проверување на постигањата на учениците. Тестовите за ескeтерното оценување на постигањата на учениците ги изготвуваат посебни надлежни институции за изработка на стандардизирани тестови на знаења и други инструменти за објективно мерење на квалитетот на знаењата на учениците. Начинот на екстерното проверување се разликува од земја до земја и зависи од специфичностите на образовниот систем (на пр. во САД екстерното проверување се врши електронски, а во поголем дел од европските земји се практикува традиционален начин на тестирање. Исто така,

екстерното проверување во најголемиот дел земји се врши по одреден број предмети или по заокружување на одреден циклус на образование).

Имајќи ги предвид недоследностите и слабостите во оценувањето на постигањата на учениците во нашата земја, како и позитивните искуства во развиените земји, произлезе потреба да се бараат модели за побјективно оценување.

Со Законот за основно образование се содаде правна основа за екстерно проверување на постигањата на учениците во основните училишта. Со екстерното проверување се овозможува да се провери објективноста на оценувањето од страна на наставниците. За да се подигне мотивацијата на учениците за реално покажување на нивните знаења е неопходно со законот да се предвиди оценката добиена од екстерното проверување да влијае врз општиот успех на ученикот.

Со цел подоследно да се развие системот на оценување во училиштата, Бирото за развој на образованието изготви стандарди за оценување на постигањата на учениците врз основа на наставните програми по сите предмети што се изучуваат во гимназиското и во основното стручно образование.

Стандардите се развиени во согласност со теоријата и практиката за оценувањето што се применува во училиштата во развиените земји. Со стандардите и начинот на нивната примена при оценувањето на учениците се запознаени сите наставници, учениците и нивните родители. Во рамките на стандардите се утврдени и критериуми за утврдување на описните оценки, како и на бројчаните оценки (од 1 до 5).

Врз основа на наставните програми и стандардите за оценување на постигањата на учениците, Бирото за развој на образованието во соработка со наставници од училиштата изработи серија прашања по секој наставен предмет со цел да им помогне на наставниците за успешна примена на стандардите за оценување. Прашањата се систематизирани од наједноставни до најсложени, по нивоа на знаења.

За целосно развивање на концептот за објективно оценување на постигањата на учениците е неопходно да се изготват тестови на знаења за екстерно проверување на постигањата на учениците. Со примена на тестовите на знаења им се дава можност на учениците и наставниците да направат согледувања за постигнањата во наставата и учењето. Резултатите од тестовите на знаења треба да ги споредат со оценките што ги добиле учениците во текот на наставната година.

Реално е, како и во другите земји, овој модел на проверување на знаењата на учениците да придонесе да се подобри квалитетот на наставата од страна на наставниците, да се намали субјективноста во оценувањето, како и да се напуштат притисоците што се вршат врз наставниците за поправање на оценките. Исто така, екстерното проверување ќе биде валиден критериум во напредувањето на наставниците во кариерата, и показател за квалитет на наставниот кадар во едно училиште.

Со воспоставувањето на екстерното проверување на постигањата на учениците согласно современата теорија и практика, започнува процесот на воведување на стандардите за оценување на квалитетот на знаењата во нашите училишта, како и приближување кон меѓународните стандарди и овозможување на споредливост на знаењата на нашите ученици со знаењата на учениците од другите земји.

Младите генерации од Република Македонија заслужуваат европска перспектива и треба да имаат применливи и квалитетни знаења и вештини со кои ќе бидат конкуретни на пазарот на трудот, којшто не признава формални оценки без суштина.

Врз основа на резултатите од екстерното проверување на знаењат на учениците ќе биде и кариерниот напредок во повисоко звање на наставниот и соработничкиот кадар во училиштата, како и висината на нивната плата.

Согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.221/2011 објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.53/2012 од 25 април 2012 година, со која се поништува член 3 став 1 точки 1 и 2 во деловите „образование" од Законот за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.52/10, 36/11, 6/12 и 24/12) се брише членот 79-б од Законот за основното образование со кој се уредуваше кој од вработените во основните училишта имаат статус на јавни службеници.

Заради создавање услови за социјална сигурност на вработените наставници и на другиот кадар во основните училишта, се дополнува членот 60 од законот со обврска основното училиште пред да распише јавен оглас за вработување, да го прими соодветниот по струка наставен и друг кадар, кој е е вработен во другите училишта во општината/град Скопје, а кој останал без наставни часови, односно со помал броја на наставни часови од наставниот фонд по одреден наставен предмет.

Од истите причини, се дополнува и членот 128 од законот, со кој се уредува на директорот на јавното основно училиште за времетраење на мандатот да му мирува работниот однос во училиштето во кое бил вработен пред да биде избран за директор.

Заради потребата од нормирање на овие ситуации во Законот за основното образование се пристапи кон изменување и дополнувања на Законот за основното образование.

**2. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства:**

Министерство за финансии
Секретаријат за законодавство

**3. Разгледани можни решенија:**

**4. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Министерство за финансии
Секретаријат за законодавство
Дирекција за заштита на личните податоци

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог): /**

**6. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се предлага Владата на Република Македонија да го разгледа и усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

**7. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**
Нема фискални импликации

**8. Очекувани влијанија:**
Со изменувањето и дополнувањето на законот ќе се обезбеди подобар квалитет на основното образование

**9. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**
Да

**10. Клучни елементи за информирање на јавноста:**
Заради потребата од нормирање на одредени ситуации во Законот за основното образование се пристапи кон изменување и дополнувања на Законот за основното образование.

изготвил: Милка Масникоса
прегледал:Милка Масникоса
одобрил: Елизабета Тодоровска, Државен секретар

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
# ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2012 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Во Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12) потребно е нормативно да се регулираат неколку прашања кои произлегуваат од процесите на модернизација на воспитно-образовната дејност во основните училишта. Имено, Министерството за образование и наука има потреба од ажурирани податоци и информации за дејноста основно образование, односно креирање на база на податоци за вработените во основните училишта, учениците и нивните родители, наставните планови и програми, просторот со кои располагаат училиштата, опремата и други релевантни податоци. Целта на оваа база на податоци е да генерира и управува со оптимално ниво на образовни податоци и информации за потребите на Министерството, како и за потребите на останатите креатори на политиките на образовниот систем, а се со цел модернизација на образованието во Република Македонија. Оваа база на податоци е дизајнирана така да ги максимизира линковите со информациските системи во органите во состав на Министерстото, Државниот завод за статистика на Република Македонија (информации согласно стандардите на EUROSTAT и ISCED) и општините/градот Скопје. Исто така, базата на податоци е дизајнирана и да ги минимизира точките на внес на податоци и се концентрира на собирање на податоци кои се есенцијални за мерење на индикаторите потребни за донесување правилни политики и за мерење на перформансите, да содржи вградени индикатори/податоци за секое училиште посебно како и збирни идикатори/податоци за општините и органите на јавната администрација, како и да придонесе за минимизирање на оперативните трошоци.

Специфични цели кои ќе се реализираат со оваа база на податоци се: елиминирање на паралелните и дуплифицирани системи на собирање на образовни податоци, навремено генерирање на податоците за донесување на одлуки базирани на знаење, елиминирање на проблемите од сегашниот систем на собирање податоци и изготвување на извештаји преку воведување на единствена точка на внес на податоци, генерирање и дисеминација на образовни податоци и информации на цетрално и децентрализирано ниво, со што ќе се подобри планирање, известувањето и мониторирањето на образовните процеси, подигнување на капацитетие на централно и децентрализирано ниво за подобро стратешко планирање, дефинирање на политики, како и управување, мониторирање и евалуација на образованиот систем, кКреирање на статичка база на податоци која се користи за повеќето извештаји во текот на учебната година со што ќе се избегне примената на различните методи на собирање на податоци извршени повеќе пати во текот на една иста учебна година, како и подобрување на управувањето со човечките ресурси и подршката на процесот на донесување одлуки.

Заради потребата во оваа база на податоци да се внесуваат и обработуваат и лични податоци на вработени, ученици и нивните родители, а кои како лични податоци се дефинирани во Законот за заштита на личните податоци, потребно е во Законот за

основното образование да се дефинира кои лични податоци ќе се прибираат, обработуваат, чуваат, испраќаат и користат. Исто така во овој закон ќе се регулира и за кои цели се потребни овие лични податоци.

Во одредбите во Законот за основното образование постои одредба со која се регулира правото на бесплатен превоз за учениците во основните училишта, како и основните критериуми за остварување на тоа право. Со додавање на нов став 3 во членот 61 ќе се дорегулираат начинот, постапките и поблиските критериумите за реализација на бесплатниот превоз на учениците во основните училишта на ниво на сите општини.

Во Законот за основното образование се заменуваат и одредбите за начинот на ектерното проверување на знаењата на учениците. Имено, во основните училишта изминатата деценија не се почитуваа стандарди за објективно оценување на постигањата на учениците. Статистичките показатели од извештаите покажуваат дека околу 80% од вкупниот број на учениците во основните училишта се со одличен и многу добар успех. Заложбите за повисоки оценки станаа единствена цел на учениците и родителите, без да се води сметка за постигнување на трајни и квалитетни знаења и вештини. Поради тоа, значително опадна мотивацијата кај учениците за учење и постигнување на знаење. Оценките се помалку се реален показател на знаењата и способностите на учениците. Од друга страна, оваа практика делуваше и демотивирачки и за наставниците. Кај нив опадна интересот за квалитено изведување на наставата, се наруши дигнитетот на професијата наставник, се зголемија притисоците за пишување на нереални оценки, а со тоа сериозно се наруши независноста и објективноста во оценувањето. Особено загрижува забележливото опаѓање на мотивацијата за учење кај учениците со повисоки способности, бидејќи на нерамноправен начин тие се изедначуваат со просечните и потпросечните ученици. Напуштањето на стандардите од наставните програми и немањето ист критериум за оценување во сите училишта, доведе до преголема субјективност во оценувањето и до појава ученици од различни училишта, па дури и од различни паралелки во исто училиште, а со исти знаења, да бидат оценети со изразено различни оценки (на пр. ученици со одличен успех од основно училиште со преминување во средно училиште да постигнуваат доволен успех, додека ученици со добар или многу добар успех од друго училиште да покажуваат подобар успех).

Исто така, искуствата од спроведувањето на проекти чија цел е меѓународно споредување на постигањата на учениците по одделни предмети (PISA, TIMSS, PIRLS), покажаа дека постигањата на учениците од нашата земја (кои се со одличен успех), во споредба со нивните врсници од другите држави се значително пониски.

Најголемиот број земји од ЕУ како и во САД проблемот со субјективноста во оценувањето, како и воспоставувањето на стандарди за оценување на национално ниво го решаваат, со континуирано оценување во наставниот процес и со воведување на екстерно проверување на постигањата на учениците. Тестовите за есктерното оценување на постигањата на учениците ги изготвуваат посебни надлежни институции за изработка на стандардизирани тестови на знаења и други инструменти за објективно мерење на квалитетот на знаењата на учениците. Начинот на екстерното проверување се разликува од земја до земја и зависи од специфичностите на образовниот систем (на

пр. во САД екстерното проверување се врши електронски, а во поголем дел од европските земји се практикува традиционален начин на тестирање. Исто така, екстерното проверување во најголемиот дел земји се врши по одреден број предмети или по заокружување на одреден циклус на образование).

Имајќи ги предвид недоследностите и слабостите во оценувањето на постигањата на учениците во нашата земја, како и позитивните искуства во развиените земји, произлезе потреба да се бараат модели за побјективно оценување.

Со Законот за основно образование се содаде правна основа за екстерно проверување на постигањата на учениците во основните училишта. Со екстерното проверување се овозможува да се провери објективноста на оценувањето од страна на наставниците. За да се подигне мотивацијата на учениците за реално покажување на нивните знаења е неопходно со законот да се предвиди оценката добиена од екстерното проверување да влијае врз општиот успех на ученикот.

Со цел подоследно да се развие системот на оценување во училиштата, Бирото за развој на образованието изготви стандарди за оценување на постигањата на учениците врз основа на наставните програми по сите предмети што се изучуваат во гимназиското и во основното стручно образование.

Стандардите се развиени во согласност со теоријата и практиката за оценувањето што се применува во училиштата во развиените земји. Со стандардите и начинот на нивната примена при оценувањето на учениците се запознаени сите наставници, учениците и нивните родители. Во рамките на стандардите се утврдени и критериуми за утврдување на описните оценки, како и на бројчаните оценки (од 1 до 5).

Врз основа на наставните програми и стандардите за оценување на постигањата на учениците, Бирото за развој на образованието во соработка со наставници од училиштата изработи серија прашања по секој наставен предмет со цел да им помогне на наставниците за успешна примена на стандардите за оценување. Прашањата се систематизирани од наједноставни до најсложени, по нивоа на знаења.

За целосно развивање на концептот за објективно оценување на постигањата на учениците е неопходно да се изготват тестови на знаења за екстерно проверување на постигањата на учениците. Со примена на тестовите на знаења им се дава можност на учениците и наставниците да направат согледувања за постигнањата во наставата и учењето. Резултатите од тестовите на знаења треба да ги споредат со оценките што ги добиле учениците во текот на наставната година.

Реално е, како и во другите земји, овој модел на проверување на знаењата на учениците да придонесе да се подобри квалитетот на наставата од страна на наставниците, да се намали субјективноста во оценувањето, како и да се напуштат притисоците што се вршат врз наставниците за поправање на оценките. Исто така, екстерното проверување ќе биде валиден критериум во напредувањето на наставниците во кариерата, и показател за квалитет на наставниот кадар во едно училиште.

Со воспоставувањето на екстерното проверување на постигањата на учениците согласно современата теорија и практика, започнува процесот на воведување на стандардите за оценување на квалитетот на знаењата во нашите училишта, како и

приближување кон меѓународните стандарди и овозможување на споредливост на знаењата на нашите ученици со знаењата на учениците од другите земји.

Младите генерации од Република Македонија заслужуваат европска перспектива и треба да имаат применливи и квалитетни знаења и вештини со кои ќе бидат конкуретни на пазарот на трудот, којшто не признава формални оценки без суштина.

Врз основа на резултатите од екстерното проверување на знаењат на учениците ќе биде и кариерниот напредок во повисоко звање на наставниот и соработничкиот кадар во училиштата, како и висината на нивната плата.

Согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.221/2011 објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2012 од 25 април 2012 година, со која се поништува член 3 став 1 точки 1 и 2 во деловите „образование“ од Законот за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 36/11, 6/12 и 24/12) се брише членот 79-б од Законот за основното образование со кој се уредуваше кој од вработените во основните училишта имаат статус на јавни службеници.

Заради создавање услови за социјална сигурност на вработените наставници и на другиот кадар во основните училишта, се дополнува членот 60 од законот со обврска основното училиште пред да распише јавен оглас за вработување, да го прими соодветниот по струка наставен и друг кадар, кој е е вработен во другите училишта во општината/град Скопје, а кој останал без наставни часови, односно со помал броја на наставни часови од наставниот фонд по одреден наставен предмет.

Од истите причини, се дополнува и членот 128 од законот, со кој се уредува на директорот на јавното основно училиште за времетраење на мандатот да му мирува работниот однос во училиштето во кое бил вработен пред да биде избран за директор.

Заради потребата од нормирање на овие ситуации во Законот за основното образование се пристапи кон изменување и дополнувања на Законот за основното образование.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложеното дополнување на Законот за основното образование е вградување на нови одредби во законот за:

-За потребите на водење на база на податоци да се внесуваат и обработуваат и лични податоци на вработени, ученици и нивните родители, а кои како лични податоци се дефинирани во Законот за заштита на личните податоци, потребно се во Законот за основното образование да се дефинира кои лични податоци ќе се прибираат, обработуваат, чуваат, испраќаат и користат. Исто така во овој закон ќе се регулира и за кои цели се потребни овие лични податоци.

-дорегулирање на правото на превоз на учениците, како и создавање на правен основ за донесување на подзаконски акт со кој ќе се уреди начинот, постапките и критериумите за реализација на бесплатниот превоз на учениците во основните училишта на ниво на сите општини и Градот Скопје.

- воспоставување на екстерното проверување на постигањата на учениците согласно современата теорија и практика, со што започнува процесот на воведување на современи стандарди за оценување на квалитетот на знаењата во основните училишта, како и приближување кон меѓународните стандарди и овозможување на споредливост на знаењата на нашите ученици со знаењата на учениците од другите земји.

- резултатите од екстерното проверување на знаењат на учениците ќе бидат и основа за кариерниот напредок во повисоко звање на наставниот и соработничкиот кадар во училиштата, како и висината на нивната плата.

Предлог- законот се заснова на начелата врз основа на кои е донесен и Законот за основното образование.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВАА

Овој закон не предизвикува фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВАА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 и 6/12) членот 15-а се менува и гласи:

„(1) Основното училиште прибира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содржани во збирките на податоци согласно прописите за заштита на лични податоци, доколку со закон не е предвидено поинаку.

(2) Збирките на податоци од став 1 на овој член се водат заради:

- унапредување на процесите и процедурите потребни за управувањето со човечките ресурси, финансиите и инфраструктурата во основните училишта,

- обезбедување навремени, конзистентни, целосни и точни податоци што ќе претставуваат поддршка на процесот на донесување одлуки, спроведувањето на образовната политика и планирањето на реформите во основното образовние,

- обезбедување на податоци неопходни за функционирање на други подсистеми (електронски дневник, екстерно проверување на знаеата на учениците и др.) во основното образование, и

- ефикасно управување со распредлбата на средствата во децентрализираниот образовен систем, планирањето на изградба и реконструкцијата на училишната инфраструктура и унапредувањето на професионалниот развој на вработените во основните училишта."

Член 2

По членот 15-а се додаваат седум нови члена 15-б, 15-в, 15-г, 15-д, 15-ѓ и 15-е, кои гласат:

„Член 15-б

Во основното училиште се водат следните збирки на податоци:

1. Збирка на податоци за учениците запишани во основното училиште,

2. Збирка на податоци за родители, односно старатели на ученици запишани во основно училиште, и

3. Збирка на податоци за наставниците и другите лица вработени во основното училиште.

Член 15-в

(1) Збирката на податоци за учениците запишани во основното училиште од член 9-б точка 1 на овој член опфаќа: ЕМБГ, презиме, татково име и име на ученикот, датум и место на раѓање, пол, етничка припадност, религија, мајчин јазик на ученик, адреса, место на живеење, број на телефон, број на мобилен телефон, е-меил адреса, посебна образовна потреба, статус на ученикот.

(2) Збирката на податоци за податоци за родители, односно старатели на ученици запишани во основно училиште од член 9-б точка 2 на овој член опфаќа: ЕМБГ, сродство, име и презиме, датум и место на раѓање, пол, етничка припадност, религија, адреса и место на живеење, број на телефон, број на мобилен телефон, е–меил адреса, степен на образование.

(3) Збирка на податоци за наставниците и другите лица вработени во училиштето од член 9-б точка 3 на овој член опфаќа: ЕМБГ, презиме, татково име и име на вработениот, број на лична карта, пол, етничка припадност, религија, датум и место на раѓање, брачна состојба, деца, адреса, место на живеење, општина, привремена адреса и место на живеење, државјанство, вид и степен на образование, последно завршено училиште/факултет, претходно работно искуство, категорија на вработен, број на телефон, број на мобилен телефон, број на службен телефон, е-меил адреса, вид на транспорт до работното место кој користи вработениот, тип на пензија, инвалидитет, ФЗО подрачна единица, ПИОМ број, датум на вработување, датум на престанок на работен однос, основ за престанок на работен однос, статус на вработен.

(4) Лични податоци од став 1 точка 1 и 2 на овој член се се добиваат од родителите/старателите на учениците.

(5) Основното училиште собира податоци од став 1 и 2 од овој закон само од ученици, родители и старатели на кои информацијата се однесува.

Член 15-г

(1) Родителот во случај на промена на податок е должен да го извести училиштето во рок од седум дена од денот на настанатата промена, а училиштето е должно да изврши промена во збирката на податоци.

(2) Родителите имаат право на пристап до личните податоци од член 9-в став 1 и 2 на овој закон, како и да добијат препис или да ја копираат информацијата за личниот податок.

(3) Родителите имаат право да бараат исправка ако е внесен погрешен личен податок.

Член 15-д

Вработените во основното училиште кои ги собираат податоците од член 9-в на овој закон имаат обврска истите да ги чуваат во тајност. До овие податоци пристап можат да имаат други со закон овластени стручни лица на кои овие податоци им се потребни заради извршување на нивната работа.

Член 15-ѓ

(1) Личните податоци од збирките на податоци од член 9-в од овој закон кои се собираат, обработуваат, чуваат и се користат за целите на основното образование можат да се користат и од Министерството за образование и наука.

(2) За целите на научните истражувања и подготовка на статистички анализи, личните податоци можат да се користат и објават, но идентитетот на ученикот да не е очигледен.

Член 15-е

Збирката на податоци за учениците се чуваат трајно, а останатите податоци од збирките на лични кои ги води основното училиште се чуваат една година по завршувањето на основното образование на ученикот, односно една година по негово испишување од основното училиште.

Член 15-ж

Начинот на собирање на личните податоци, лицата кои се овластени да ги користат податоците содржани во поединечните збирки на лични податоци, употреба на методот на снимање и пренос на лични податоци, начинот на уништување по истекувањето на рокот на примена и други процедури и заштитни мерки ги пропишува министерот."

Член 3

Во член 61 во ставот (2) по зборот „потреби" се додаваат зборовите „ и лицата за нивна придружба".

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Начинот и поблиските критериумите за организирањето на бесплатниот превоз на учениците, учениците со посебни образовни потреби и лицата за нивна придружба, од местото на живеење до основното училиште, го утврдува министерот."

Член 4

Во членот 65 по ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8)Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети на крајот на годината и оценките од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити."

Ставовите (8) и (9) стануваат ставови (9) и (10).

Член 5

Членот 71 се менува и гласи:

„(1) Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно и екстерно проверување.

(2) Интерното проверување на постигањето на  успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето врз основа на стандардизирани тестови подготвени од Бирото.

(3) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците од четврто до деветто одделение се реализира на крајот на секоја наставна година.

(4) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците го организира и спроведува училиштето преку училишна комисија.

(5) Училишната комисија за екстерно проверување на постигањата на учениците е составена од пет члена: директор, стручен соработник и тројца наставници од училиштето.

(6) Начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно проверување, начинот и постапката на проверување на тестовите од училишната комисија, како и формата и содржината на извештајот ги пропишува министерот по предлог на Државниот испитен центар.

(7) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши со тестови кои ги изготвува Државниот испитен центар, на предлог на Бирото.

(8) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците од ставот (3) на овој член се врши по два наставни предмети, согласно со наставниот план, а врз основа на генерален распоред изготвен од страна на Државниот испитен центар, на предлог на Бирото, освен по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно за наставните предмети за кои не може да се врши екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците.

(9) Начинот и постапката за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно по наставните предмети за кои не може да се врши екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

(10) Врз основа на генералниот распоред од ставот (8) на овој член, училишната комисија подготвува интерен распоред по паралелки, наставни предмети и наставници

за спроведување на екстерното проверување во училиштето. Интерниот распоред го усвојува наставничкиот совет на училиштето.

(11) Резултатите од екстерното проверување на постигањето на успехот на учениците од ставот (8) на овој член училиштето ги запишува во свидетелството за завршено одделение и истите влијаат врз општиот успех на ученикот.

(12) Резултатите запишани во свидетелството од ставот (11) на овој член се еден од критериумите за запишување на ученикот во средното образование.

(13) Училишната комисија доставува извештај за спроведеното екстерно проверување до Државниот испитен центар.

(14) Врз основа на добиените извештаи од училишните комисии, Државниот испитен центар изготвува извештај со резултати од спроведеното екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците.“

Член 6

Членот 79-б се брише.

Член 7

Во член 82 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:

„(5) Основното училиште не може да распише јавен оглас за вработување доколку во другите училишта во општината, односно во другите училишта во општините во град Скопје постои соодветен вработен кадар со неполн фонд на наставни часови, кој може по пат на преземање да биде вработен во училиштето.

(6) Евиденцијата за вработениот кадар од став (5) на овој член ја води Министерството.“

Член 8

Во членот 91 ставот (5) се менува и гласи:

„Начинот и постапката на евалуацијата на професионалното досие од став (3) на овој член го пропишува министерот, на предлог на Бирото.“

Член 9

Членот 92 се менува и гласи:

„(1) Наставниците и стручните соработници во основното училиште се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања.

(2) Наставникот и стручниот соработник кои за прв пат се вработуваат во училиште се со звање наставник-приправник и стручен соработник-приправник.

(3) Наставник-приправник може да напредува во звањата наставник, наставник-ментор и наставник-советник.

(4) Стручниот соработник-приправник може да напредува во звањата стручен соработник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

(5) Напредување на наставниците и стручните соработници во звањата наставник, наставник-ментор, стручен соработник и стручен соработник-ментор го врши училишна комисија која ја формира директорот на училиштето.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од еден одделенски наставник и наставник по предметна настава, педагог, односно психолог во училиштето, еден родител, директорот на училиштето, член на училишниот одбор кој е претставник од основачот и советник од Бирото.

(7) Одделенските и предметните наставници за членови во комисијата од ставот (6) на овој член ги избира наставничкиот совет во училиштето, родителот го избира советот на родители на училиштето, а членот од училишниот одбор го избира училишниот одбор.

(8) При напредувањето на наставниците во соодветното звање од ставот (3) на овој член, училишната комисија задолжително ги зема предвид резултатите од екстерното проверување содржани во извештајот за работата на наставниците, како и од евалуацијата на професионалното досие на наставникот.

(9) При напредувањето на стручните соработници во соодветното звање од ставот (3) на овој член, училишната комисија задолжително ги зема предвид резултатите од евалуацијата на професионалното досие на стручниот соработник.

(10) Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно со ставот (5) од овој член има право на приговор до училишниот одбор во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

(11) Напредувањето на наставниците и стручните соработници во звањата наставник-советник и стручен соработник-советник го врши комисија формирана од министерот.

(12) При напредувањето на наставниците во соодветното звање од ставот (11) на овој член, комисијата формирана од министерот задолжително ги зема предвид резултатите од екстерното проверување содржани во извештајот за работата на наставниците, како и од евалуацијата на професионалното досие на наставникот.

(13) При напредувањето на стручните соработници во соодветното звање од ставот (11) на овој член, комисијата формирана од министерот задолжително ги зема предвид резултатите од евалуацијата на професионалното досие на стручниот соработник.

(14) Основното училиште по завршувањето на секоја учебна година може да врши напредување на двајца вработени од редот на наставниците и стручните соработници во секое од звањата од ставот (5) на овој член и може да предложи двајца од вработените од редот на наставниците и стручните соработници да напредуваат во звањата од ставот (11) на овој член на предлог на наставничкиот совет, ако има до 50 вработени наставници и стручни соработници.

(15) Основното училиште по завршувањето на секоја учебна година може да врши напредување на три од вработените од редот на наставниците и стручните соработници во секое од звањата од ставот (5) на овој член и може да предложи три од вработени од редот на наставниците и стручните соработници да напредуваат во звањата од ставот (11) на овој член на предлог на наставничкиот совет, ако има над 51 вработени наставници и стручни соработници.

(16) Наставник и стручен соработник може да напредува во следното звање по четири години на начин утврден со овој закон.

(17) Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно со ставот (11) од овој член има право на приговор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање. Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одлучува по поднесената жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(18) Платата на наставникот и на стручниот соработник е според стекнатото звање.

(19) Начинот на стручното усовршување, оспособување и напредување на наставниците и стручните соработници во звања го пропишува министерот по предлог на Бирото, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат."

Член 10

Членот 97 се менува и гласи:

„(1) Врз основа на резултатите од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се оценува објективноста и професионалноста на наставникот во вреднувањето на постигнувањата на успехот на ученикот.

(2) Оценувањето од став (1) на овој член се врши со споредување на резултатите на екстерното проверување на постигањата на ученикот со завршната оценка на ученикот по соодветниот предмет.

(3) Врз основа на извештајот со резултати од спроведеното екстерно проверувањена постигањата на успехот на учениците, 20% од наставниците кај кои има најмали отстапувања во добиените показатели им се зголемува платата за наредната година за  15% од платата што ја примале.

(4) Врз основа на извештајот со резултати од спроведеното екстерно проверувањена постигањата на успехот на учениците, 20% од наставниците кај кои има најголеми отстапувања во добиените показатели им се намалува платата за наредната година 15% од платата што ја примале.

(5) За наставниците од став (4) на овој член се обезбедува соодветна стручна советодавна помош од Бирото.

(6) На наставник кој и по две години од добивањето на стручната помош, повторно ќе биде во групата на наставници кај кои има најголеми отстапувања во добиените показатели, му престанува работниот однос.

(7) Решение за престанок на работниот однос на наставникот донесува директорот на основното училиште.

(8) Против решението на директорот од ставот (7) на овој член наставникот може да поднесе тужба до надлежен суд.

(9) Решение за зголемување, односно намалување на платата на наставникот согласно ставовите (3) и (4) на овој член, донесува директорот на училиштето. Исплатата на платата со зголемување, односно намалување започнува од 1 јануари наредната година по објавувањето на извештајот за работата на наставниците.

(10) Решението од ставот (9) на овој член се доставува до Министерството до 31 август од тековната година, а ќе започне да се применува од јануари наредната година.

(11) Начинот на изготвување на извештајот со резултати од спроведеното екстерно проверувањена постигањата на успехот на учениците, како и утврдувањето на процентот на најголеми, односно најмали отстапувања од добиените показатели го пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар."

Член 11

Во член 128 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) За времетраење на мандатот, на директорот на основното училиште му мирува работниот однос  во училиштето во кое бил вработен пред да биде избран за директор."

Член 12

Во член 132 во ставот (16) зборовите „Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните

односи“, се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“

Член 13

Одредбата од член 5 на овој закон која се однесува на членот 71 од Законот за основното образование, ќе се применува од 1 мај 2013 година.

Член 14

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за основното образование.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Со членот 1 се менува членот 15-а од законот и со истиот се регулира дека основното училиште прибира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содржани во збирките на податоци согласно прописите за заштита на лични податоци, доколку со закон не е предвидено поинаку. Збирките на податоци се водат заради: унапредување на процесите и процедурите потребни за управувањето со човечките ресурси, финансиите и инфраструктурата во основните училишта; обезбедување навремени, конзистентни, целосни и точни податоци што ќе претставуваат поддршка на процесот на донесување одлуки, спроведувањето на образовната политика и планирањето на реформите во основното образование; обезбедување на податоци неопходни за функционирање на други подсистеми (електронски дневник, екстерно проверување на знаеата на учениците и др.) во основното образовние; и ефикасно управување со распредлбата на средствата во децентрализираниот образовен систем, планирањето на изградба и реконструкцијата на училишната инфраструктура и унапредувањето на професионалниот развој на вработените во основните училишта.

Со членот 2 од овој закон по членот 15-а се додаваат седум нови члана 15-б, 15-в, 15-г, 15-д, 15-ѓ, 15-е и 15-ж. Со членот 15-б се уредува кои збирки на податоци се водат во основното училиште. Со членот 15-в се регулира кои лични податоци од ученици, нивни родители/старатели и од вработените во училиштата се прибираат, обработуваат и чуваат заради збирките на податоците. Со членот 15-г се регулира обрската на родителот да го извести училиштето за секоја промена на личниот податок, како и правото на родителот да има право на пристап до личните податоци внесени во збирките на податови, како правото да бара исправка ако е внесен погрешен личен податок. Со членот 15-д се уредува дека вработените во основното училиште кои ги собираат личните податоци имаат обврска истите да ги чуваат во тајност. До овие податоци пристап можат да имаат други со закон овластени стручни лица на кои овие податоци им се потребни заради извршување на нивната работа. Со членот 9-ѓ се

уредува дека личните податоци од збирките на податоци кои се собираат, обработуваат, чуваат и се користат за целите на основното образование можат да се користат и од Министерството за образование и наука. За целите на научните истражувања и подготовка на статистички анализи, личните податоци можат да се користат и објават, но идентитетот на ученикот да не е очигледен. Со членот 9-е се регулира дека збирката на податоци за учениците се чуваат трајно, а останатите податоци од збирките на лични кои ги води основното училиште се чуваат една година по завршувањето на основното образование на ученикот, односно една година по негово испишување од основното училиште. Со членот 9-ж се пропишува дека актот за начинот на собирање на личните податоци, лицата кои се овластени да ги користат податоците содржани во поединечните збирки на лични податоци, употреба на методот на снимање и пренос на лични податоци, начинот на уништување по истекувањето на рокот на примена и други процедури и заштитни мерки го пропишува министерот за образование и наука.

Со членот 3 од овој закон во членот 61 се доуредува дека право на бесплатен превоз имаат и лицата за придружба на учениците со посебни образовни потреби. Начинот и поблиските критериумите за организирањето на бесплатниот превоз на учениците, учениците со посебни образовни потреби и лицата за нивна придружба, од местото на живеење до основното училиште, го утврдува министерот за образование и наука.

Со членот 4 од овој закон во членот 65 се уредува дека врз општиот успех на ученикот влијаат и оценките од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците.

Со членот 5 се менува членот 71 со кој се пропишува дека системот на следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно и екстерно проверување. Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето врз основа на стандардизирани тестови подготвени од Бирото, додека екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши на крајот на секоја учебна година. Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците го организира и

спроведува училиштето преку училишна комисија. Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши со тестови кои ги изготвува Државниот испитен центар, на предлог на Бирото за развој на образованието. Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши по два наставни предмети, согласно со наставниот план, а врз основа на генерален распоред изготвен од страна на Државниот испитен центар, на предлог на Бирото, освен по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно за наставните предмети за кои не може да се врши екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците. Начинот и постапката за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно по наставните предмети за кои не може да се врши екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците го пропишува министерот, на предлог на Бирото. Резултатите од екстерното проверување на постигањето на успехот на учениците училиштето ги запишува во свидетелството за завршено одделение и истите влијаат врз општиот успех на ученикот. Резултатите запишани во свидетелството се еден од критериумите за запишување на ученикот во средното образование. Училишната комисија доставува извештај за спроведеното екстерно проверување до Државниот испитен центар. Врз основа на добиените извештаи од училишните комисии, Државниот испитен центар изготвува извештај со резултати од спроведеното екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците.

Согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.221/2011 објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2012 од 25 април 2012 година, со која се поништува член 3 став 1 точки 1 и 2 во деловите „образование“ од Законот за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 36/11, 6/12 и 24/12) се брише членот 79-б од Законот за основното образование со кој се уредуваше кој од вработените во основните училишта имаат статус на јавни службеници (член 6).

Со членот 7 во членот 82 се додаваат два нови кои уредуваат дека основното училиште не може да распише јавен оглас за вработување доколку во другите основни училишта во општината, односно во другите училишта во општините во град Скопје

постои соодветен вработен кадар кој може по пат на преземање да биде вработен во училиштето. Евиденцијата за овој кадар ја води Министерството за образование и наука.

Со членот 8 од овој член се менува ставот 5 во членот 91 и со истиот се уредува дека начинот и постапката на евалуацијата на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник ги пропишува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованиетоа.

Со членот 9 од овој член членот 69 се менува и со истиот се уредува системот на кариерен напредок за наставниците и стручните соработници, звањето во кои напредуваат, начинот и постапката за напредување во секое од звањата, правото на приговор, бројот на наставниците и стручните соработници кои може да се предложат за унапредување, како и дека начинот на стручното усовршување, оспособување и напредување на наставниците и стручните соработници во звања го пропишува министерот по предлог на Бирото, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.

Со членот 10 се менува членот 92 и со истиот се уредува дека врз основа на резултатите од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се оценува објективноста и професионалноста на наставникот во вреднувањето на постигнувањата на успехот на ученикот. Оценувањето се врши со споредување на резултатите на екстерното проверување на постигањата на ученикот со завршната оценка на ученикот по соодветниот предмет. Врз основа на извештајот со резултати од спроведеното екстерно проверувањена постигањата на успехот на учениците, 20% од наставниците кај кои има најмали отстапувања во добиените показатели им се зголемува платата за наредната година за 15% од платата што ја примале. Врз основа на извештајот со резултати од спроведеното екстерно проверувањена постигањата на успехот на учениците, 20% од наставниците кај кои има најголеми отстапувања во добиените показатели им се намалува платата за наредната година 15% од платата што ја примале. За наставниците кај кои има најголеми отстапувања се обезбедува соодветна стручна советодавна помош од Бирото за развој на образованието. На наставник кој и по две години од добивањето на стручната помош, повторно ќе биде во

групата на наставници кај кои има најголеми отстапувања во добиените показатели, му престанува работниот однос. Начинот на изготвување на извештајот со резултати од спроведеното екстерно проверувањена постигањата на успехот на учениците, како и утврдувањето на процентот на најголеми, односно најмали отстапувања од добиените показатели го пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

Со членот 11 од овој закон во членот 128 се менува ставот 6 односно се доуредува дека лицето што е избрано за директор на основно училиште има право на два последователни мандата, освен ако поминале две години од денот на престанокот на вториот мандат. Во тој случај лицето може да биде избрано за директор за уште два мандати. Се додава и нов став 8 со кој се уредува дека за времетраење на мандатот на директорот на основнто училиште, му мирува работниот однос во училиштето во кое бил вработен пред да биде избран за директор.

Со членот 12 од овој закон се уредува дека кандидатите за директор на основно училиште кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Со членот 13 се уредува одложена примена на членот 5 од овој закон.

Со членот 14 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за основното образование.

Со членот 15 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за основното образование се врши изменување и дополнување на членовите 15-а, 61, 65, 71, 79-б, 82, 91, 92, 97, 128, 132 од Законот за основното образование, решенијата содржани во одредбата се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Во Законот за основното образование потребно е нормативно да се регулираат неколку прашања кои произлегуваат од процесите на модернизација на воспитно-образовната дејност во основните училишта. Имено, Министерството за образование и наука има потреба од ажурирани податоци и информации за дејноста основно образование, односно креирање на база на податоци за вработените во основните училишта, учениците и нивните родители, наставните планови и програми, просторот со кои располагаат училиштата, опремата и други релевантни податоци. Целта на оваа база на податоци е да генерира и управува со оптимално ниво на образовни податоци и информации за потребите на Министерството, како и за потребите на останатите креатори на политиките на образовниот систем, а се со цел модернизација на образованието во Република Македонија. Оваа база на податоци е дизајнирана така да ги максимизира линковите со информациските системи во органите во состав на Министерстото, Државниот завод за статистика на Република Македонија (информации согласно стандардите на EUROSTAT и ISCED) и општините/градот Скопје. Исто така, базата на податоци е дизајнирана и да ги минимизира точките на внес на податоци и се концентрира на собирање на податоци кои се есенцијални за мерење на индикаторите потребни за донесување правилни политики и за мерење на перформансите, да содржи вградени индикатори/податоци за секое училиште посебно како и збирни идикатори/податоци за општините и органите на јавната администрација, како и да придонесе за минимизирање на оперативните трошоци.

Со воспоставувањето на екстерното проверување на постигањата на учениците согласно современата теорија и практика, започнува процесот на воведување на стандардите за оценување на квалитетот на знаењата во нашите училишта, како и приближување кон меѓународните стандарди и овозможување на споредливост на знаењата на нашите ученици со знаењата на учениците од другите земји.

Младите генерации од Република Македонија заслужуваат европска перспектива и треба да имаат применливи и квалитетни знаења и вештини со кои ќе бидат конкуретни на пазарот на трудот, којшто не признава формални оценки без суштина.

Врз основа на резултатите од екстерното проверување на знаењат на учениците ќе биде и кариерниот напредок во повисоко звање на наставниот и соработничкиот кадар во училиштата, како и висината на нивната плата.

Измените и доплнувањата во Законот за основното образование се во насока на модернизација на системот на образованието, како и на зголемување на квалитетот на основното образование.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 15-а

За дејноста на основното образование Министерството води интегрирана база на податоци која содржи податоци за:

- досиеја на учениците,
- оценки на учениците,
- отсуства на учениците од наставата,
- податоци за наставниците, стручните соработници, воспитувачите и другите вработени во основните училишта,
- отсуства од работа на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и другите вработени во основните училишта,
- наставни планови,
- годишни програми за работа,
- учебници кои се користат во наставата,
- училишни објекти и други објекти кои се користат за реализација на наставата и
- финансиски податоци за училиштата.

Податоците од ставот (1) на овој член основното училиште ги внесува во интегрираната база на податоци континуирано.

Член 61

(1) Ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.

(2) Учениците со посебни образовни потреби имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до основното училиште.

Член 65

(1) Постигањата на учениците во основното училиште се оценува описно и бројчано.

(2) Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член само на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.

(4) Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува описно и бројчано.

(5) Ученикот од ставот (4) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(6) Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се оценува бројчано.

(7) Ученикот од ставот (6) на овој член на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(8) Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни освен оценката недоволен (1).

(9) Највисока оценка е одличен (5).

**Член 71**

(1) Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно и со екстерно проверување.

(2) Интерното проверување на постигањето на успехот на учениците го вршат континуирано наставниците во училиштето врз основа на стандардите за оценување од членот 66 на овој закон.

(3) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците на крајот на секоја наставна година за учениците од четврто до деветто одделение го организира и спроведува училиштето преку училишна комисија.

(4) Училишната комисија за екстерно проверување на постигањата на учениците е составена од пет члена: директор, стручен соработник и тројца наставници од училиштето.

(5) Начинот на формирање и работење на училишната комисија, тајноста на материјалот за екстерно проверување, начинот и постапката на проверување на тестовите од училишната комисија, како и формата и содржината на извештајот ги пропишува министерот по предлог на Државниот испитен центар.

(6) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците се врши со тестови кои ги изготвува Државниот испитен центар на предлог на Бирото.

(7) Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците од ставот (3) на овој член се врши по четири наставни предмети, согласно со наставниот план, а врз основа на генерален распоред изготвен од страна на Државниот испитен центар на предлог на Бирото.

(8) Врз основа на генералниот распоред од ставот (7) на овој член, училишната комисија подготвува интерен распоред по паралелки, наставни предмети и наставници за спроведување на екстерното проверување во училиштето. Интерниот распоред го усвојува наставничкиот совет на училиштето.

(9) Резултатите од екстерното проверување на постигањето на успехот на учениците од ставот (7) на овој член училиштето ги запишува во свидетелството за завршено одделение.

(10) Резултатите запишани во свидетелството од ставот (9) на овој член се еден од критериумите за запишување на ученикот во средно училиште.

(11) Училишната комисија доставува извештај за спроведеното екстерно проверување до Државниот испитен центар.

Член 79-б

(1) Вработените од членовите 77, 78, 79 и 79-а од овој закон, како и секретарот на основното училиште имаат статус на јавни службеници.

(2) За вработените од ставот (1) на овој член се применува Законот за јавните службеници, освен ако поинаку не е уредено со Законот за основното образование.

(3) Вработените во основните училишта кои вршат административни и технички работи немаат статус на јавни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности од работниот однос се применуваат одредбите од Законот за работните односи, прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и колективен договор.

Член 82

(1) Наставникот, стручниот соработник и воспитувачот се избираат по пат на јавен оглас.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца.

(3) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) При изборот на стручни соработници, воспитувачи и друг ненаставен кадар се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и почитување на критериумите на стручност и компетентност.

Член 91

(1) Директорот, наставникот и стручниот соработник во основното училиште во текот на својата работа се должни професионално да се усовршуваат.

(2) Министерот во соработка со Бирото и Државниот испитен центар донесува годишна програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници.

(3) За професионалното усовршување и оспособување на секој наставник и стручен соработник се води професионално досие.

(4) Формата, содржината и начинот на водењето на професионалното досие ги пропишува министерот по предлог на Бирото.

(5) Начинот на собирање на резултатите од евалуациите од членот 92 став (16) на овој закон врз основа на кои се врши напредувањето на наставниците и стручните соработници го пропишува министерот по предлог на Бирото, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.

(6) Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука кои ги реализираат јавни и приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва чии програми се акредитирани.

(7) Акредитацијата на програмите за обука од ставот (2) на овој член го врши Бирото врз основа на јавен оглас.

(8) За да се акредитира програма за обука за професионално усовршување, јавната и приватната установа, здружението на граѓани и трговското друштво кои ја вршат обуката треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да ги исполнуваат барањата за програмата утврдени во јавниот оглас,

-да имаат искуство во реализација на обуки за професионално усовршување,

-да имаат обезбедено соодветно опремени простории со наставни помагала за современа реализација на обуките и

-да имаат ангажирано обучувачи за соодветната област кои имаат најмалку високо образование и искуство во изведување обука.

(9) Акредитацијата на програмата за обука за професионално усовршување има важност две години и во текот на реализацијата на програмата Бирото врши нејзина евалуација.

(10) За акредитираната програма за обука за професионално усовршување на директорот, наставникот и стручниот соработник во основното училиште Бирото води евиденција.

Член 92

(1) Наставниците и стручните соработници во основното училиште се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања.

(2) Наставникот и стручниот соработник кои за прв пат се вработуваат во училиште се со звање наставник-приправник и стручен соработник-приправник.

(3) Наставник-приправник може да напредува во звањата наставник, наставник-ментор и наставник-советник.

(4) Стручниот соработник-приправник може да напредува во звањата стручен соработник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

(5) Напредување на наставниците и стручните соработници во звањата наставник, наставник-ментор, стручен соработник и стручен соработник-ментор го врши училишна комисија која ја формира директорот на училиштето.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од еден одделенски наставник и наставник по предметна настава, педагог, односно психолог во училиштето, еден родител, директорот на училиштето, член на училишниот одбор кој е претставник од основачот и советник од Бирото.

(7) Одделенските и предметните наставници за членови во комисијата од ставот (6) на овој член ги избира наставничкиот совет во училиштето, родителот го избира советот на родители на училиштето, а членот од училишниот одбор го избира училишниот одбор.

(8) При напредувањето на наставниците и стручните соработници во соодветното звање од ставот (5) на овој член, училишната комисија задолжително ги зема предвид резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и

интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

(9) Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно со ставот (5) од овој член има право на приговор до училишниот одбор во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

(10) Напредувањето на наставниците и стручните соработници во звањата наставник-советник и стручен соработник-советник го врши комисија формирана од министерот.

(11) При напредувањето на наставниците и стручните соработници во соодветното звање од ставот (10) на овој член, комисијата формирана од министерот задолжително ги зема предвид резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

(12) Наставникот и стручниот соработник кој е незадоволен од извршениот избор за напредување во звање согласно со ставот (10) од овој член има право на приговор до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на образованието, науката и културата (образование, наука, култура, архивска дејност, спорт и информации) при Владата на Република Македонија, во рок од осум дена од денот на објавувањето на списокот на наставници и стручни соработници кои напредуваат во звање.

(13) Основното училиште по завршувањето на секоја четврта учебна година може да врши напредување од најдобрите вработени од редот на наставниците и стручните соработници во секое од звањата од ставот (5) на овој член и може да предложи од најдобрите вработени од редот на наставниците и стручните соработници да напредуваат во звањата од ставот (10) на овој член на предлог на наставничкиот совет.

(14) Напредувањето на најдобрите наставници и стручни соработници се врши согласно со резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација содржани во Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

(15) Наставник и стручен соработник може да напредува во следното звање по четири години на начин утврден со овој закон.

(16) Платата на наставникот и на стручниот соработник е според стекнатото звање. Платата на наставникот може да се зголеми или намали зависно од резултатите од екстерното проверување, самоевалуацијата и интегралната евалуација. Платата на стручниот соработник може да се зголеми или намали зависно од евалуацијата на професионалното досие. Исплатата на плата според стекнатото звање започнува од 1 јануари наредната година по објавувањето на Националниот извештај за работата на наставниците и стручните соработници.

(17) Начинот на стручното усовршување, оспособување и напредување на наставниците и стручните соработници во звањата од ставовите (3) и (4) на овој член го пропишува министерот по предлог на Бирото, Државен испитен центар и Државен просветен инспекторат.

Член 97

(1) Врз основа на резултатите од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците од членот 71 на овој закон се оценува објективноста и професионалноста на наставникот во вреднувањето на постигнувањата на успехот на ученикот.

(2) На наставник и стручен соработник кои се наоѓаат во групата на наставници и стручни соработници кои покажуваат најслаби резултати од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници се обезбедува соодветна стручна помош.

(3) На наставник и стручен соработник за кои Бирото и Државниот просветен инспекторат утврдиле дека и по една година од добивањето на стручната помош, повторно ќе биде во групата на наставници на кои им е потребна стручна помош ќе му биде намалена платата во висина од 10% од последната исплатена плата во траење од една година.

(4) Решението за намалување на платата на наставникот и стручниот соработник од ставот (3) на овој член го донесува директорот на училиштето.

(5) Решението од ставот (4) на овој член се доставува до Министерството до 31 август од тековната година, а ќе започне да се применува од јануари наредната година.

Член 128

(1) Орган на раководење во основното училиште е директорот.

(2) Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

(3) За директор на основно училиште може да се избира лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор.

(4) По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(5) Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот (4) на овој член, му престанува мандатот на директор.

(6) Мандатот на директорот трае четири години, со можност за уште еден мандат.

Член 132

(1) Директорот на општинско основно училиште го избира и разрешува градоначалникот по предлог на училишниот одбор на основното училиште.

(2) Директорот на државно основно училиште го избира и разрешува министерот по предлог на училишниот одбор на основното училиште.

(3) Градоначалникот, односно министерот три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас за избор на директор.

(4) Ако градоначалникот, односно министерот не постапи во рокот утврден во ставот (3) од овој член, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор.

(5) Во јавниот оглас на јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

(6) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи до училишниот одбор на училиштето. Кандидатите кон пријавата мораат да приложат програма за работа за период од четири години.

(7) Пристигнатите документи ги прегледува комисија составен од три члена, избрана од училишниот одбор чија надлежност се утврдува со статутот на училиштето.

(8) Комисијата од ставот (7) на овој член е должна во рок од пет дена по завршувањето на јавниот оглас да ги разгледа пристигнатите документи.

(9) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во јавниот оглас им се враќаат документите со образложение во рок од три дена од денот на разгледувањето на истите.

(10) Училишниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно со одредбите во статутот на училиштето.

(11) Училишниот одбор и претставникот од Бирото вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.

(12) Училишниот одбор на општинското основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината му предлага два кандидата за избор на директор, доколку на јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати.

(13) Училишниот одбор на државното основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на министерот му предлага два кандидата за избор на директор, доколку на јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати.

(14) Градоначалникот, односно министерот во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот избира еден кандидат за директор за основно училиште.

(15) Ако градоначалникот во рокот утврден во ставот (14) од овој член не избере директор, изборот го врши министерот.

(16) Кандидатите кои не се избрани во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

(17) Против одлуката на комисијата од ставот (16) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на Предлог-<br>Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование | 2. Министерство / орган на државна управа:<br>Министерство за образование и наука | |
| 3. Цел на предлогот: | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон | |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Милка Масникоса | Контакт тел./факс или е-пошта: тел. | |
| 6. Активност: | | |
| 7. Вид на барање: ( ) Регулатива во врска со ЕУ; (X ) Друга нова регулативе; ( ) Нова Спогодба; ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма; ( ) Прераспределба (на средстваа) помеѓу две програми; ( ) Спојување на две или повеќе програми | | |
| 8. Цел на барањето / предложената активност: | | |
| 9. Врска со владината програма: | | |

| 10. Фискални импликации: | 2012 година | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| | **(илјади денари)** | | | |
| А. Вкупни трошоци за предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | | | | |
| Капитал | | | | |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| B. Одобрени средстваа за предлогот | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | | | | |
| Капитал | | | | |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средстваа (Б-А) | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | | | | |
| Капитал | | | | |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот) | | | | |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | | | | |
| Капитал | | | | |
| Трансфери | | | | |
| Вкупно | | | | |
| E. Нето имликации на средстваата на органот (Ц-Д) | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: ______________________________ | | | | |
| 11. Нето зголемување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | / | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средстваа во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | | | | |
| 14. Дата на завршување на проценката | / | | | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 21. Одобрено/Дата: мај 2012 година<br><br>_______________________________________<br><br>Потпис на државен секретар или директор на орган | м-р Панче Кралев, Министер<br><br>_______________________<br>Потпис на министерот | | | |